**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1864/2**

# З А П И С Н И К

**Од 83-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 28.03.2019 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет,Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис,Наташа Андреевска-одговорен уредник на Прв програмски сервис МРА и Аки Мустафа- одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА. |

Седницата започна во 12:15 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 82-ра седница на Програмски совет на МРТ.

2. Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2018 година.

3. Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај 2018 од независен овластен ревизор БДО Скопје.

4. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2018 година.

5. Разгледување на конечен Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП МРТ-(Државен завод за ревизија).

6. Информација во врска со задолженијата од Владата на РМ за промена на називот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.

7. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 81-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 82-ра седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 82-ра седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 82-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2018 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ,која детално го објасни пред присутните материјалот од Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2018 година.
По расправата Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2018 година.
■ **Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2018 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2018 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај 2018 од независен овластен ревизор БДО Скопје.**
Констатирано беше дека истиот нема претрпено никакви измени поп првичниот извештај и дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница предходно го разгледа Нацрт консолидираниот Ревизорски извештај 2018 изработен од независен овластен ревизор БДО Скопје и позитивно се изјасни по истиот.
По расправата Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Нацрт консолидираниот Ревизорски извештај 2018 од независен овластен ревизор БДО Скопје.

■**Нацрт консолидиран Ревизорски извештај 2018 од независен овластен ревизор БДО Скопје** година беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Нацрт консолидиран Ревизорски извештај 2018 од независен овластен ревизор БДО Скопје **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ,и дека истиот е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Р.Македонија,и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската состојба на претпријатијето.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2018 година.**
Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија во салата ги повика одговорни уредници на програмските сервиси од МТВ и МРА.
Воведно излагање по Извештајот од програмта имаше Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ која пред присутните објасни дека скоро цела програма која беше предвидена за 2018 година за првиот програмски сервис е изреализирана, и дека со нејзиното доаѓање на уредничкото место во вотората половина од годината и е надополнета програмата со нови содржини,некои програмски содржини кои беа замислени како идеја не се реализираа од оправдани причини,но сепак со тоа што е реализирано сме задоволни како редакции посебно и како програмски сервис во целина.Исто така Анета дополни дека во Извештајот за реализација на програмата точно се наведени секоја програма поединечно што е реализирана и тоа кои се сопствена продукција а кои копродукција и сл.
Потоа и се даде збор на Мигена Горенца одговрен уредник на вториот програмски сервис на МТВ која рече дека главно е задоволна од реализацијата на програмата во 2018 година која се реализира над 90%,и во продолжение ги спомена проблемите кои настануваат во МТВ2 најмногу кај програмата на помалите етнички заедници и нејзината реализација.
Наташа Андреевска одговорен уредник на Прв програмски сервис МРА во продолжение по својот дел односно програмата на првиот сервис во Македонското радио истакна дека скоро се е спроведено од програмата која беше предвидена за 2018, и дека проблемите кои ги влече радиото се тука повторно и радиото се соочува со истите (вработени и нова техника) кои ги спомнуваме на секое видување со Програмскиот совет на МРТ.Наташа го спомена и хендикепот на радиото што не може да купува надворешна програма односно процесот е долг и комплициран за да може радиото да одкупи некоја надворешна програма и да ја емитува.
Аки Мустафа одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА на крај истакна дека во третиот сервис на радиото програмата е реализирана согласно предвиденото, и дека како сервис се соочуваат со технички проблеми кој дел успеале да ги решат но дел не,како што се немање принтер или компјутер за дел од вработените во радиото.
Заменик претседателот на советот со прашање до Мигена Горенца по однос на програмата на МТВ 2 од помалите етнички заедници во извештајот е наведена како сопствена програма,колку вработени имаат по редакции истите тие за да имаат програма од сопствено производство.Мигена Горенца одговори дека е вистина дека имаат цела програма од сопствено производство освен турската редакција која се снаоѓа со дел од надворешна програма, а имаат по 1-3 вработени по редакција.
По расправата Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2018 година.
■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2018 година** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа:**11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2018 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување на конечен Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП МРТ-(Државен завод за ревизија).**
Воведно излагање по оваа точка од дневниот ред даде Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кој објасни пред присутните као се одвиваше ревизијата на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во ЈРП МРТ од Државен завод за ревизија, и какви препораки се добиени од истата.Исто така објаснето беше дека по поголем дел од препораките е одговорено и е завршено тоа што е побарано, но дека дел е невозможно да биде постапено веднаш и дека за истото е потребно време.
Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија пред присутните го прочита и Заклучокот на Надзорниот одбор на МРТ кој го имаше усвоено Надзорниот одбор на МРТ на предходна седница по однос на Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП МРТ од Државен завод за ревизија.

**ТОЧКА 6:Информација во врска со задолженијата од Владата на РМ за промена на називот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.**
До членовите на Програмскиот совет на МРТ беше доставено Известување од Заменик директорот на МРТ Арун Ибраими за активностите кои беа превземени во текот на неделата а во врска со промената на називот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.Исто така Заменик директорот на МРТ даде и свое усно излагање по повод случувањата и состаноците кој ги имал заедно со Горан Атанасов и раководителот на Секторот за правни работи во МРТ во Владата на РМ,Централниот регистар на РМ како и во Собранието на РМ по однос на промена на називот на МРТ,како и целата комуникација која се одвивала во текот на целата оваа седмица а се однесува на процесот околу промена на називот на МРТ.
Се добива впечаток дека меѓуресорската група формирана од Владата е заглавена кај дел од инстутициите кој имаат називи со придавката „Македонска“ и дека за истите да ги променат своте имиња ќе треба повеќе време да усогласување со надлежните закони.
Предложениот допис до Владата на РМ беше договорено дека е многу оширен и долг и дека истиот треба да биде поопшт и пократок.
По расправата беше предложен Заклучок:
●Замениик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија и членот на Програмскиот совет Ристе Панов да изготват нов допис/укажување од Програмскиот совет на МРТ до Владата на РМ по однос на задолженијата за промена на назвиот на МРТ, и истиот да го испратат на разгледување до членовите на Програмскиот совет на МРТ по електронска пошта.
Заклучокот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 7: Разно.**
По оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 13:45 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

Ведат Мемедалија
зам.претседател